**Годишен наративен извештај за работа за 2019 година**

Во 2019 година МПД се фокусираше на важните полиња за работа утврдени на годишното собрание (записник од 22.02.2019 приложен кон овој извештај).

Покрај редовните активности, МПД во 2019 година беше добитник на грант за спроведување на проект. Целта на проектот ,,Праведен и еднаков третман на ромите во македонските затвори'', во реализација на Македонското пенолошко друштво, со поддршка на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, е неопходна анализа на институциите, пред сѐ Казнено поправната установа Затвор за деца во Охрид каде што затворската казна ја издржуваат малолетниците но и децата-штитеници од ВПД Тетово, Затвор Скопје и Затвор Тетово, е добивање претстава за остварување на правата на осудените лица од ромска етничка припадност во државата.

За таа цел тимот на МПД наредните месеци ќе се посвети на активно истражување што се јавува како нужно и ќе се установат очекувања од проектот воопшто. Под него се подразбира сондажа на: (1) релевантното законодавство; (2) извештаите на меѓународните организации во поглед на (независните) состојби во затворите и остварувањето на правата на затворениците; (3) годишните извештаи на Управата за извршување на санкциите; (4) годишните извештаи на Народниот правобранител како и извештаите во рамки на Националниот превентивен механизам кои, меѓу останатото, го опфаќаат и затворскиот систем; (5) практиката на Европскиот суд за човекови права во поглед на правата на затворениците (6) извештаите за напредок на РСМ кои на годишно ниво ги издава Европската комисија и друго. Вреди да се спомене дека оваа прелиминарна анализа нема да го опфати само позитивното право туку ќе се осврне и на претстојните прописи, поточно новиот Закон за извршување на санкциите. Во текот на првите два месеци ќе се спроведе и втора активност во проектот, подготовката на прашалници се надоврзува на претходната анализа. Прашалниците ќе служат за интервјуирање на осудените лица од ромска етничка

припадност, така што ќе бидат подготвени повеќе видови зависно од тоа: (1) дали треба да биде интервјуиран полнолетен или малолетен затвореник; (2) колку трае казната затвор која соодветните лица ја издржуваат; (3) за какво дело се осудени лицата кои ќе бидат интервјуирани и слично.

За активна реализација на проектот беа ангажирани две волонтерки, студентки на Правниот факултет Јустинијан Први во Скопје, Касниоска Фросина и Елена Пејчева.

Извештајот го изработи,

**Елена Мујоска Трпевска**

Претседател

**Македонско пенолошко друштво**

Прилог 1

Записник од одржано Годишно собрание на МПД

Скопје, 22 Јануари 2019

**ЗАПИСНИК**

од годишното собрание на членовите на ИО на Друштвото, одржан во МАНУ на 21.01.2019 со почеток во 12.00 часот.

Присутни беа членовите на Извршниот одбор. Своето отсуство го оправдаа: г-дин Јовица Стојановиќ, проф. д-р Беса Арифи, доц. д-р Олга Кошевалиска и судија Габриела Гајдова.

Седницата ја водеше д-р Елена Мујоска Трпевска, претседател на Македонското пенолошко друштво.

За работа на седницата беше усвоен следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од претходниот состанок на Друштвото.
2. Разгледување на Статутот на Друштвото.
3. Предлог за финансиско работење на МПД за 2019 година.
4. Измена на Одлуката за избор на органи на МПД.
5. Известување на членовите на Друштвото за номинација на претседателот на МПД за член на работна група на Твининг проектот „Зајакнување на казнено-поправниот систем и пробациската служба“ во Управата за извршување санкции при Министерството за правда.
6. Известување на членовите за одржана тридневна работилница како дел од програмата „Horizontal Facility’’: „Јакнење на заштитата на правата на осудените лица” кои се спроведуваат од страна на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје во соработка со Управата за извршување санкции при Министерството за правда.
7. Усвојување на Извештајот од одржана завршна конференција МПД – Цивика Мобилитас и можности за продолжување на проектот.
8. Известување за отворени повици за аплицирање на идни проекти (грантови, рокови, организации) и начините за поголема вклученост на членовите на Друштвото како дел од граѓанскиот сектор во проектните активности.
9. Разгледување на можноста за формирање Мрежа на Здруженија на граѓани за дејности од пенитенцијарната област во Република Македонија.
10. Разно.

***

1. Присутните членови го усвоија записникот од претходниот состанок на Друштвото без забелешки.
2. На состанокот се дискутираше за измени и дополнувања на Статутот на МПД посебно за потребата од внесување на три нови члена кои се однесуваат на континуираната едукација на затворскиот персонал. Проф. Лажетиќ предложи да се внесат нови одредби

во Статутот на МПД кои ќе се однесуваат на континуираната едукација. Проф. Нанев спомена дека членови со слична содржина биле дел од Статутот на Здружението на судии пред функцијата за едукација да ја преземе АСЈО.

*Беше донесена статутарна одлука за измена на Статутот и додавање на нова глава* (по член 29 од Статусот на МПД) што ќе се однесува на формирање на ***Центар за едукација и унапредување на пенитенцијарен систем.***

Првичниот предлог е обуките во Центарот да се однесуваат на сите лица вклучени во активностите на КПУ и ВПУ (пр. затворски персонал, осудени лица, судии за извршување на санкции итн). За таа цел, потребно е членовите на МПД да ги ажурираат старите силабуси и да изработат нови програми.

3. По однос на точката за финансиско работење на МПД за 2019 година се дискутираше можноста ВПУ и КПУ како правни лица да бидат членки на МПД чиј заемен однос би се решавал со склучување меѓусебни договори. По дискусијата на состанокот беше донесена одлука да се даде можност за зголемување на бројот на членови на МПД во текот на 2019 година (со зачленување на правни и физички лица) по што повторно ќе се разгледа можноста за вклучување на затворите и КПД како членови на МПД. Треба да се разговара со директорот на УИС за можноста да се обнови она што било пракса во минатото.

4. На годишното собрание беше донесена одлука за измена на членовите на Извршниот одбор на МПД. Имено, при формирањето на Друштвото академик Камбовски предложи судијата Сафет Кадрии да биде член на ИО на МПД. Но, поради голем обем на работни обврски, судијата негативно одговори на нашата покана за членство бидејќи покрај работните задачи како судија и портпарол на Апелационен суд Скопје (судија одговорен за прашања во врска со предметите од Кривичен отсек) е спречен да се ангажира во активностите на друштвото. Затоа, на предлог на претседателот на МПД, членовите на ИО едногласно го избраа м-р Константин Битраков за член на Извршниот одбор на МПД.

5. Членовите на Друштвото беа запознаени со номинацијата на претседателот на МПД за член на работна група на Твининг проектот „Зајакнување на казнено-поправниот систем и пробациската служба“ во Управата за извршување санкции при Министерството за правда. Заклучно со месец јануари 2019 година беше одржана една средба на работната група во Клуб на пратеници каде свое излагање имаа заменик министерот за правда, директорот на УИС и членови на експертскиот тим од Германија.

6. Во периодот од 16-18 јануари 2019 година, проф. д-р Гордана Лажетиќ и д-р Елена Мујоска Трпевска учествуваа на работилница на тема: **“Јакнење на заштитата на правата на осудените лица”** во рамките на долгорочниот проект Horizontal Facility for Western Balkans and Turkey финансирана од Европската Унија и Совет на Европа а имплементирана од Совет на Европа. Тридневната работилница се однесуваше на мониторинг и евалуација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019). Работилницата беше модерирана од проф. д-р Гордана Лажетиќ и г-дин Владимир Красиќ, советник во Министерството за труд и социјална политика. Организатор на работилницата беше Канцеларијата на Програмата Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција на Советот на Европа/ Европската Унија. На работилницата учествуваа истакнати практичари

од областа. Покрај претставници од УИС и Министерството за правда учествуваа и претставници од КПД Идризово и КПД Штип, ВПД Тетово, Министерството за здравство и Министерството за образование.  Целиот извештај за работилницата можете да го видите на веб страната на МПД: www.msp.mk.

7. Извештајот од одржана завршна конференција МПД – Цивика Мобилитас беше едногласно усвоен од членовите на МПД. На состанокот се дискутираше за можноста за продолжување на проектот по објавување на отворен повик на Цивика Мобилитас во месец март/април 2019 година. Завршниот извештај и активностите на друштвото во рамките на проектот се објавени на веб страната на МПД: www.msp.mk.

8. На состанокот беа дискутирани можностите и отворените повици за аплицирање на идни проекти (грантови, рокови, организации) и начините за поголема вклученост на членовите на Друштвото како дел од граѓанскиот сектор во проектните активности. Д-р Мујоска Трпевска и м-р Битраков се согласија да подготват два концепти за аплицирање на јавен повик на МЦМС преку програмата "Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на организации" чија програма се спроведува од страна на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центар за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС) финансирани од ЕУ и на Јавен оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Владата.

9. На состанокот беше дискутирана можноста и постапката за формирање Мрежа на Здруженија на граѓани за дејности од пенитенцијарната област во Република Македонија.

10. Разно.

На состанокот се разви дискусија за можноста на формирање Центар за едукација и унапредување на пенитенцијарен систем. По завршување на постапката околу формирање на Центарот, претседателот на МПД и членовите ќе остварат средба со директорот и претставници на Управата за извршување на санкции. На состанокот би се потпишал меморандум за остварување на дејностите на Центарот со што истовремено ќе се промовира ИПА Тренинг Центарот (и ќе се постапи по дадените забелешки на ИПА дека Тренинг Центарот не се искористува).

Исто така, на состанокот беше предложено членовите на МПД да остварат посебна средба со Директорот на УИС и вработените во управата, за согледување на реални состојби со пенитенцијарните установи кои подоцна ќе бидат преточени во работни активности на членовите на МПД.

Како приоритетна цел беше предложено одржување на работилница за ***ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ НА ЛУЃЕТО ПОВРЗАНИ СО ПЕНИТЕНЦИЈАРНИТЕ УСТАНОВИ.***

Д-р Елена Мујоска ТРПЕВСКА<br>
Претседател<br>
**Македонско пенолошко друштво**